**ПРЕДЛОГ ПРОЕКТ**

# COLOURS OF LIFE



# БОИТЕ НА ЖИВОТОТ

**Координатор: О.У „Св. Климент Охридски“- Битола**
**Партнер: Национален центар за развој на иновации и претприемачко учење- Скопје, претставништво Битола**
**Партнер: Сумнал Битола**

# COLOURS OF LIFE
# БОИТЕ НА ЖИВОТОТ

**1. Опис на проектот**

Исклученоста на учениците од секојдневниот живот во училиштето и во средината во која се движат често пати доаѓа од различноста. Таа се манифестира на повеќе начини. Понекогаш разликите се очигледни, а некогаш ги носиме длабоко во нас. Затоа, често пати е тешко да се определи што е тоа што не прави „посебни“ а сепак „исти како другите“. Затоа, за откривањето на сето тоа, учениците уште од најрана возраст потребно е да го започнаат и да го изградат својот идентитет и на тој начин полесно да се интегрираат во училишниот живот и во живеењето во заедницата. Сето ова е возможно со развивање на чувството на припадност, односно, кои сме, од каде доаѓаме, како нашиот идентитет е поврзан односно влијае на локалната средина и другите луѓе.

Истражувањата во врска со социјалната инклузија покажуваат дека целиот тој процес на социјално вклучување на учениците започнува на индивидуално ниво, со запознавање на самите себе. Станувајќи свесни кои сме, полесно можеме да заклучиме или да увидиме што имаме заедничко со другите.

**Проектот „Боите на животот“ е проект кој се насочува кон социјалната инклузија, особено на учениците од ромската популација. За таа цел склучено е партнерство со Центарот за ран детски развој Сумнал од Битола, како и претставништвото на Националниот центар за иновации и претприемачко учење во Битола. Идеата е конципирање на „човечка библиотека“, во која ќе има книги (личности од средината во која гравитираат трите организации), кои со себе носат своја животна приказна. На тој начин ќе се подигне степенот на социјална инклузија на учениците на повисоко ниво, ќе се надминуваат предрасудите, ќе се развиваат вештини за демократско живеење и припадност кон заедницата.**

**ЦЕЛНА ГРУПА: Ученици од 13-14 годишна возраст од Битола.**

**2. Времето за реализација на проектот е од 15.05.2017-30.11.2018**

**3. Цели на проектот се:**

- **Вклучување на учениците во секојдневниот живот**
- **Прифаќање на самите себе**
- **Подигнување на свеста за припадност кон заедницата**
- **Учење по пат на интеракција**
- **Подигнување на свеста кај учениците, родителите, наставниците за социјалната инклузија**
- **Намалување на предрасудите**

- **Подготвување на учениците за демократско живеење**

**3. Фази на проектот**

Првата фаза од реализацијата на проектот се заеднички работилници за учениците од Сумнал и „Св. Климент Охридски“ и волонтери од Националниот центар за развој иновации и претприемачко учење, за запознавање на самите себе, припадност кон група и заедница.

Наредно е формирање на заеднички тим од ученици за изработка на анкета, „Кој сум јас“. Анкетата се прави на учениците од Сумнал и О.У. „Св. Климент Охридски“- Битола.

Потоа следува вклучување на советот на родители заедно со кооординативниот тим и проектниот тим за истакнување на личности кои би можеле да бидат дел од човечката библиотека. „Книгите“ за библиотеката се одбираат врз основа на спроведената анкета од страна на учениците. Книгите се од различна етничка, национална и верска припадност, пол, возраст образование и сл.

Тимот исто така изработува каталог на книги, смислува правила на користење, работно време и сл. Овој дел се прави во текот на летниот распуст.

Човечката библиотеката ќе функционира во склоп на О.У „Св Климент Охридски“ од Битола со почеток од септември.

Што е човечката библиотека? Човечката библиотека претставува прилика за дијалог помеѓу книгата и ученикот во насока на подогнивање на степенот на социјалната инклузија. Преку човечката библиотека доаѓа до израз идентитетот на читателот и на книгата, со што се истакнува индивидуалноста. Надоврзана на тоа, животната приказна и животниот пат, доведува до зголемување на степенот на интеграција, зголемување на чувството за припадност, истакнување на интегритетот, надминување на предрасудите, што е солидна основа за подобрување на демократското живеење.

Книгите во оваа библиотека се луѓето кои се од различни етнички групи, различни професии, различно ниво на образование исл. Секоја книга ќе има свој интересен наслов привлечен и прилагоден на возраста на учениците. Преку читањето на овие книги читателите ќе имаат прилика да слушаат, да дискутираат и да учат. Една книга ќе може да биде изнајмена 30 минути дневно. Книгата одговара на прашања, дискутира, поставува прашања, се смее, кажува за животот, споделува, објаснува и секогаш е интересна.

Наредно, Се изработува веб страна, од страна на учениците и се ставаат сите настани, видеа и случувања на истата.

Следно е сублимирање на се она што се научило. Се прави анализа во табела на почеток..., за време на... на крајот и се извлекуваат поуки што се научило и што се постигнало. Што сме постигнале кај учениците? Дали има промена во нивното сфаќање за тоа кои се и каде припаѓаат.

Финално е планирана тркалезна маса за училиштата на ниво на општина Битола на тема социјална инклузија, предизвици, можности и перспективи. Тркалезната маса ќе биде во два дела: Првиот дел ќе биде доделување на сертификати за сите директни учесници во проектот (ученици, наставници, родители), а вториот дел ќе опфати повеќе теми како што се споделување на искуството од проектот и заклучоци, дискусии за социјалната инклузија во образованието, социјално претприемаштво од мали нозе и успешни приказни.

**4. Одржливост на проектот.**

Човечката библиотека ќе продолжи да функционира во склоп на училиштето да се надоградува и да се усовршува. Доколку овој проект се добие би се склучила меѓународна соработка со иста таква училишна човечка библиотека од Романија за понатамошни заеднички активности.

Веб страната ќе се ажурира постојано и на неа ќе се ставаат постојаните активности од човечката библиотека и ќе се истакнуваат искуствата стекнати во ова работење.

Секој од партнерите ќе има своја задача и активности кои ќе треба да ги реализира за време на имплементацијата на проектот. Бидејќи училиштето има потпишано меморандум за соработка со партнерите оваа соработка продолжува и понатаму во насока на унапредување на работата на човечката библиотека.

За време на имплементацијата ќе се изготват чек листи за контрола на планирано-реализирано. Целосната документација ќе биде ставена во прилог на апликацијата.

**5. Финансии.**

Финансиите кои ќе се добијат од овој проект ќе бидат распоредени за изведување на сите активности кои се планирани во склоп на проектот. Детален план ќе биде доставен во прилог на апликацијата.

**6. Евалвација и завршување на проектот.**

На крајот се пишуваат извештаи од сите планирани и реализрани активности, се вметнуваат и резултатите од се поднесува финансиски извештај и се затвара проектот.

Директор
Андријана Мигуловска

Координатор
Виолета Стевановска